# ХИДРОГЛЕТ-ПВ

*Саморазливна брзостврднувачка смеса за нивелирање на подни површини, изработена на цементна основа*

## Област на примена:

За нивелирање (израмнување) на нерамнини од 1,0 мм до 3,0 мм кај подни бетонски површини или подни цементни кошулки, пред полагање на завршна подна облога од паркет, ламинат, теписони, ПВЦ плочки, линолеум, керамички плочки и сл.

## Својства:

- сива прашкаста смеса;
- при вградувањето имадобра адхезија и цврстина;
- самоливна и самонивелирачка;
- едноставна за приготвување и изведба;
- може да се нанесе во неколку слоеви;
- подлогата е подготвена за поставување на подот по 4 часа;
- економична;
- еколошка;

## Подготовка на подлога:

Подлогата треба да биде цврста, обезмастена, обеспрашена, чиста и претходно наквасена со вода. Кај порозни подлоги со мала цврстина, пожелно е нанесување на претпремаз подготвен со Врска-У.

## Вградување:

На 1 кг Хидроглет-ПВ со постојано мешање се додава 260-270 милилитри вода. Се меша до потполна хомогенизација. Мешавината се вградува веднаш со назабена глетарка во дебелина на слојот до 3,0 мм. Ако треба да се изведат 2 или 3 слоја, временското растојание меѓу слоевите изнесува до 2 часа. Целосното зацврснување на Хидроглет-ПВ е по 4 часа, по што може да се изведува предвидениот под. Оптималната температура при вградување е 10°С до 35°С.

## Потрошувачка:

За слој од 1,0 мм: 1,5 кг/м$^2$

## Чистење:

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## Пакување:

Во натрон вреќи од 5 и 25 кг

## Складирање:

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории. Рок на употреба: 12 месеци.

СМЕСИ ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ

Опасност по здравјето:
Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и вдишување на прашкастиот материјал. Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош.
Пожар:
Хидроглет-ПВ е незапалив.
Чистење и депонирање:
Неврзани остатоци од Хидроглет-ПВ се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжително примена на адекватна опрема.

ADING
Новоселски пат бб,
1000 Скопје, Р.Македонија,
Тел: ++ 389 / 02 2034 840,
2034 822, Факс: 2034 821
ading@mt.net.mk,
www.ading.com.mk

**Србија**
*АДИНГ*
*Белград*
*Тел: 381 11 2279 338*

**Бугарија**
*АДИНГ-Бугарија*
*Софија*
*Тел: 359 2 9555388*

**Русија**
*Вегамаркет плус*
*Москва*
*Тел: 7 495 3716436*

**Казахстан**
*ТОО Алфар*
*Алма Ата*
*Тел: 732 72 40 1688*

**Унгарија**
*АДИНГ Х Кфт.*
*Будимпешта*
*Тел: 36 29 367 457*

**Грција**
*АДИНГ-Хелас*
*Солун*
*Тел: 30 23 10569130*

**Хрватска**
*АДИНГ-ХР*
*Сплит*
*Тел: 385 98 9833 020*

**Романија**
*КРАЛЕКС*
*Букурешт*
*Тел: 40 21 3509018*

**Украина**
*Солис Компани*
*Киев*
*Тел: 380 44 4070963*

**БиХ**
*ПРОХЕМА*
*Брчко*
*Тел: 387 49 240400*

**Црна Гора**
*Ѓуришиќ и Кум*
*Бар*
*Тел: 382 85 341699*

*Изолими*
*Приштина*
*Тел: 381 38 563280*